Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 18.08.2023

На 17.08.2023 во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид го привеле Т.А.(28) од Велес, со привремен престој во Охрид. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово, вчера (17 август) во 15 и во 19 часот и 30 минути ги лишиле од слобода тетовските А.А.(29) и Н.М.(30). Имено, А.А. претходниот ден бил пријавен од 33-годишниот З.Х. од тетовско село дека му го одзел неговото возило „бмв" со германски национални ознаки. Возилото е пронајдено, додека било управувано од Н.М. и вратено на сопственикот, додека А.А. е задржан во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот.

На 17.08.2023 на крстосница пред с.Кутретино, демирхисарско, полициски службеници од Полициската станица Димир Хисар го лишиле од слобода В.И.(22) од с.Белче, демирхисарско, затоа што при преглед кај него, во возилото во кое бил и во близина на возилото била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.08.2023 во 20.40 часот на ул. „Никола Георгиевски Никлец" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода С.О. (25), С.К.(34), Р.О.(19), К.К.(21), А.Ј. (26) и Ф.Ф. (29), сите од Битола, затоа што при преглед кај нив, кај Р.О. била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.08.2023 во 12.25 часот во Полициската станица Демир Хисар, Г.Ѓ.(38) од Демир Хисар пријавила дека во коритото на Стара река, во близина на мостот во с.Мургашево, пронашла една граната. Извршен бил увид и било констатирано дека станува збор за артилериска граната калибар 75 мм со потекло од Првата светска војна. Гранатата била подигната од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување.

Во текот на вчерашниот ден (17.08.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 359 возачи. Од нив 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 202 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 157 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (17.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 329 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 81 санкција, 20 мерки за возење без возачка дозвола, 22 санкции за прекршоци што ги правел возачите на мотоцикл, шест санкции за технички неисправни возила во јавниот превоз. Изречени се 18 мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет мерки за нерегистрирани возила, 10 санкции за некористење сигурносен појас...

На 17.08.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 26 прекршоци, од кои 15 надвор од населено место и 11 во населено место. Санкционирани биле и 14 другви видови на прекршоци, од кои 3 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 3 за некористење сигурносен појас, 1 за некористење заштитна кацига, 4 за непрописно паркирање и 1 за непрописно вградени фолии.

На 17.08.2023 во 07.10 часот во СВР Струмица било пријавено дека на магистралниот пат Струмица - Граничен премин Ново Село, на делницата од с.Ново Село до с.Сушица, Б.С.(26) од с.Ново Коњарево, управувајќи патничко возило „хонда" со струмички регистарски ознаки, изгубил контрола и со возилото излетал надвор од коловозот. По несреќата Б.С. била пренесена во Медицинскиот центар Струмица каде и биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

На 17.08.2023 во 19.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на сервисна улица која ги поврзува ул.„Ѓорче Петров" со ул.„Браќа Чакареви", патничко возило „рено фluенс" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Л.(59) од Скопје удрило во пешакот А.Г.(57) од Скопје. По несреќата, А.Г. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 18.08.2023 околу 03.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул. „Илинден", бул.„Гоце Делчев" и бул.„ВМРО", Т.Т.(21) од Скопје, управувајќи патничко возило „пежо 206" со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и со возилото излетал надвор од коловозот. По несреќата, сопатниките Н.Л.Х.(20) и Н.С.(20), двајцата од Скопје, биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде на Н.Л.Х. му биле констатирани телесни повреди, а на Н.С. и биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 17.08.2023 во 10.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека на улица „Браќа Гиновски" во Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од 28-годишната М.А. од гостиварско Врапчиште и мотоцикл „хонда" што го управувал 65-годишниот гостиварец С.Ц., двете со гостиварски ознаки. Во несреќата С.Ц се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во гостиварската општа болница „Ферид Мурад". На местото на несреќата увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 17.08.2023 во 14.20 часот во Полициската станица Аеродром, Г.Т.(41) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче сопственост на М.Н. и Д.Н., двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.08.2023 околу 17.30 часот на улица „Павле Илјановски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 23-годишниот С.Д. од гостиварското Чегране. Тој бил пријавен од 48-годишниот Д.Р. од Охрид дека околу 15.00 часот во Гостивар му одзел личен предмет и избегал. При лишувањето кај него биле пронајдени и одземени кокаин и нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 17.08.2023 во 15.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле од слобода Е.П.(42) од Куманово. Таа се сомничи дека во продажен објект на улицата „425" во Куманово одзела пари. Е.П. била задржана во полициска станица и по целосно документирање на случајот против неа ќе следува соодветна пријава.

На 17.08.2023 во 15.30 часот и 16.55 часот, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.И.(33) и И.И.(60) од тетовски Порој. Тие се сомничат дека на улица „Фуштанска" во Тетово пукале од оружје. Притоа, од Б.И. одземен е пиштол „Зораки" калибар 9 милиметри и тој е задржан во Полициската станица Тетово за расчистување на случајот. Подоцна, околу 19.40 часот, од 53-годишен жител на тетовско село Бише одземени за вештачење пиштол „ЦЗ" со рамка калибар 9 милиметри и пиштол „Тангфолио" со рамка, исто така, калибар 9 милиметри, а поради сомнение за негова инволвираност во предизвикување општа опасност на истата улица.

На 17.08.2023, полициски службеници од Полициското одделение Ропотово го лишиле од слобода Т.И.(20) од прилепско село затоа што физички го нападнал својот 51-годишен татко. Според пријавеното, тие и на 11.08.2023 имале семејна расправија, по што Т.И. со запалена тешност го полил и запалил татка си, по што ведраш потоа со кебе го изгасил огнот. 51-годишниот маж се здобил со изгореници, констатирани во ГОБ Прилеп. Т.И. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.08.2023, полициски службеници од Полициската станица Чаир го лишиле од слобода Ф.Х. од Скопје, постапувајќи по пријава добиена истиот ден од иста тој, пред повеќе години, извршил обљуба врз неговите, тогаш малолетни ќерки. Во службен разговор во полициска станица тој ги признал делата. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.08.2023 во 17.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека во близина на Неготинска клучка се случила сообраќајна несреќа помеѓу патнички моторни возила „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управуван од 44-годишниот А.Ц. од гостиварски Добридол и „фолксваген туран" со гостиварски ознаки што го управувал 27-годишниот С.Ј. од гостиварска Топлица. Во несреќата, сопатникота од возилото „голф", Х.Ц.(61) се здобила со тешки телесни повреди констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад". Увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 18.08.2023 во 02.53 часот во Полициската станица Аеродром, М.Л.(19) од Скопје пријавил дека околу 03.00 часот на работното место како обезбедување во казино на подрачје на Аеродром бил физички нападнат од М.С. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.08.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Чаир, Х.Ч.(37) од Скопје пријавил дека околу 14.20 часот на бензинска пумпа на подрачје на Чаир, поради претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.08.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека во приватна болница на подрачје на Карпош на 16.08.2023 во 19.43 часот бил донесен В.А.(47) од Скопје, кај кого лекар констатирал смрт без видливи траги на насилство. Увид извршила екипа од СВР Скопје, а за настанот бил известен јавен обвинител, по чија наредба телото било дадено на обдукција.

На 17.08.2023 во 23.17 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" бил донесен М.М.(47) од Скопје, кој, според пријавеното, бил пронајден во безсознание поради здравствени проблеми на Плоштад „Македонија" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против С.М.Д.(34) од Пробиштип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". Пријавената, на 11.07.2023 во влезот на зградата во која живее, со тврд предмет го нападнала својот малолетен син.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.К.(33) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". На 14.08.2023 во Дебар, пријавениот на Ј.Г.(78) од с.Вранешци и одзел накит од вратот. Подоцна, при претрес во неговиот дом, накитот бил пронајден и вратен на сопственичката.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.С.(33) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" при семејно насилство, „телесна повреда" при семејно насилство и „неовластено производство и пуштање во промет на „наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 15.06.2023 било пријавено дека Н.С. физички ја нападнал неговата 32-годишна сопруга, а на останатите членови од семејството со пиштол им се заканувал. Од извршен претрес во домот и помошните простории бил пронајден и одземен кокаин. На пријавениот му е одредена мерка притвор.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против М.М.(53) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или експлозивни материи". На 14.12.2022, при преглед на товарно моторно возило „ман", со кое пријавениот превезувал нафтени деривати, во внатрешноста на цистерната биле пронајдени пиротехнички средства.

Одделението за прекугранично криминал и миграции Скопје поднесе кривична пријава против 17-годишник од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". На 15.08.2023 на Граничен премин Меѓународен аеродром Скопје, пријавениот на увид приложил фалсификувана словачка патна исправа.

Одделението за прекугранично криминал и миграции Скопје поднесе кривична пријава против Л.Г.(38) од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". На 15.08.2023 на на Граничен премин Меѓународен аеродром Скопје, пријавениот на увид приложил фалсификувана чешка патна исправа.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.К.(25) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" и дке кривични дела „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 31.07.2023 пред угостителски објект во Охрид, пријавениот со остар предмет му се заканувал на Н.М. од Охрид, а кога на местото пристигнале полициски службеници, обидувајќи се да побегне, со возило удрил двајца полициски службеници.